**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ „СОЛИДАРНОСТ-АЕРОДРОМ“ - СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

**за работата на органите и телата на Здружението на пензионерите „Солидарност-Аеродром“- Скопје за 2022 година**

Февруари, 2023 година Скопје

Врз основа на член 27став 3 од Статутот на Здружението Извршниот одбор на ЗП ,,Солидарност-Аеродром“-Скопје на својата 38-ма седница одржана на ден 17.02.2023 година утврди текст на годишен **Извештај за работа на органите и телата на Здружението на пензионерите „Солидарност-Аеродром“,-Скопје, кој го поднесува на Собранието на Здружението на усвојување.**

**Извештај за работа на органите и телата на Здружението на пензионерите -„Солидарност-Аеродром“,-Скопје за 2022 година**

Здружението на пензионери ,,Солидарност-Аеродром“-Скопје (понатаму во текстот (Здружение) е непартиска и непрофитна организација, со околу 15.400 свои членови. Како правен субјект Здружението дејствува на целото подрачје на општина Аеродром. Тоа е во состав на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија (СЗПМ) со 53 здруженија во Републиката и со 14 здруженија во Град Скопје (СЗПГС). Најголемиот дел од своите приходи од околу (99%) ги остварува од членарината на своите членови и од други извори околу (1%). На подрачјето на Општината е организирано во 5(пет) ограноци (Аеродром, Јане Сандански, Вардар, Ново Лисиче и Лисиче) и 7(седум) клубови.

## А) АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Вкупните активности на органите и телата во 2022 година гледано низ призмата на одржани седници и донесени одлуки активностите на Здружението можат да се набележат, како што следува:

**Собранието во 2022 година одржа 2 седници на кои се разгледувани и усвоени следните материјали и документи:**

Се усвои Записникот од 6-тата седница на Собранието одржана на ден 21.12.2021 година.- .Извештај за работа на органите и телата на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје за 2021 година. Се усвои Извештајот на Надзорниот одбор по Завршната сметка за 2021 година и Прегледот на планирани и остварени средства за период од 01.01-31.12.2021 година на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје (Завршна сметка ).-Се донесе -Одлука за утврдување на Годишната завршна сметка (Завршна сметка) за 2021 година. Се усвои Записникот од 7-мата седница на Собранието одржана на ден 08.04.2022 година. Се усвои Прегледот на планирани и остварени средства за период 01- ви јануари -15-ти ноември 2022 година на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје,-Се донесе -Одлука за пренамена на средства во Финансовиот план за 2022 година,-Се усвои Програма за работа на здружението за 2023 година,-Се усвои-Финансиски план на приходи и расходи за 2023 година, -Се донесе -Одлука за усвојување на Финансискиот план на приходи и расходи, за 2023 година, се донесе Одлука за определување на бројот на претставници од ограноците во Собранието на Здружението на пензионерите ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје

**Извршниот одбор во 2022година** има одржано 10 седници од кои една седница беше зедничка со ЗП ,,Охрид и Дебрца,, од Охрид и една седница беше телефонска. На седниците на Извршниот одбор се разгледувани и усвоени следните материјали:

На 26-тата седница:-се утврди текстот на Извештајот за работа на органите и телата на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје за 2021 година;-се усвои Извештајот од Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2021 година; се разгледаа барања за доделување на еднократна парична помош поради тешко нарушување на здравствената состојба и се донесе одлука да им се доделат парична помош на четири наши пензионери во висина од по 5.000,00 денари; се разгледа барањето за откуп на книгата ,,Раскази и

раскажувања „ од авторот Драгослав Аргировски и се донесе одлука за Формирање на комисија за постапка со расходованите средства предложени од ограноците и Комисијата за расход.
На 27-та седница се донесе одлука за утврдување на услови за давање на еднократна парична помош на членови на Здружението на пензионерите „Солидарност-Аеродром„-Скопје за 2022година; се донесе одлука за организирање на еднодневни излети и утврдување бројот на превозни средства што ќе се користатат преку ограноците на Здружението во 2022 година и за тоа се определи потребен износ на вкупните средства;-се прифати иницијативата од Огранокот „Вардар„за купување објект за клуб за рекреација и забава и донесе Одлука за отварање на постапка за купување; се донесе Одлука за ангажирање на лице за хигиеничар- домаќин во Стручната служба; се разгледа барањето од Благојка Филипчева за финансиска подршка за печатење на книгата драми „Договор куќа гради„ и за тоа и се доделија финансиски средства во висина од 4.000,00 денари; се разгледа Информацијата на СЗПМ околу Солидарниот фонд.
На 28-ма седница се разгледа и усвои Прегледот на планирани и остварени средства за период од 01.01-31.12.2021 година на Здружението (Завршна сметка ),-се усвои Извештајот на Надзорниот одбор по Завршната сметка за 2021 година; се усвои предлог -Одлука за утврдување на Годишната сметка (Завршна сметка) за 2021 година; се усвои предлог-Одлука за набавка на клуб за Огранокот „Вардар„, со Извештај од Комисијата за набавки и услуги; се усвои предлог-Одлука за учество на манифеастацијата „Блакцето на баба„ во Велес.
На 29-та седница: Се донесе Одлука за учество на 20-тата Регионална ревија на песни, музика и игри во 2022 година, која се одржа во Крива Паланка на ден 05.05.2022 година и се донесе Одлука за обезбедување финансиски средства потребни за истата (ручек и превоз на учесниците), со Предлог активности за Комисијата за културно забавен живот (изготвување план на активности за настап на Здружението); -се донесе -Одлука за учество на 26-те Регионални спортски натпревари за 2022 година, кои ќе се одржаа во ЗП „Кисела Вода, на 05.06.2022 година,се донесе Одлука за обезбедување финансиски средства потребни за истата (ручек и превоз на учесниците и набавка на потребна спортска опрема за учесниците) и беа оипределени активности за Комисијата за спорт и рекреација на ИО (изготвување План на активности за учество на Здружението); се донесе -Одлука за одредување на превозник од кој што ќе се изнајмуваат автобуси за превоз на пензионери за организирање еднодневни излети во 2022 година;- се донесе Одлка за отварање на клбовите во Здржението-се разгледаа Инормацијата за мерење шеќер во крвта-Информација за користење на автобси од ЈСП, преку Собранието на град Скопе и Информаицијата за хуманитарна помош.
На заедничката седница со ЗП„Охрид и Дебрца-од Охрид, која се одржа на 23.05.2022 година, во Скопје:- се усвои Записникот од 4-тата заедничка седница на двата Извршни одбори, одржана, на ден 01.12.2021 година во Хотел Лаќи-Спа во нас.Св.Стефан-Охрид;-се усвои Програма за заедничко организирање и реализирање на активности помеѓу ЗП „Солидарност –Аеродром„-Скопје и ЗП „Охрид и Дебрца„од Охрид во 2022 година; се направи анализа на реализираните програмски активности во 2021 година, со размена на искуства во услови на пандемија и мерките предизвикани од короната вирусот во тековната година.
На 32 седница:-Се разгледаа четири барања за доделување на парична помош по основ на тешка и влошена здравствена состојба и се додели финансиска помош во износ од по 5.000,00 денари;-се донесе Одлука за доделување на финансиски средства во висина од 25.000 денари за печатење на публикацијата „Пензионерите творат 2022„ година од повеќе автори, а во издание на Здружението на пензионерите „Солидарност-Аеродром„-Скопје.
На 33-тата телефонска седница:- се усвои -предлог Одлука за адаптација и реновирање на деловниот простор на Клубот во Огранокот „Вардар„ во ТЦ Скопјанка, и предлог Одлука за учество на 26-те Републички спортски натпревари во Охрид на ден 14.09.2022 година.
На 34-тата седница -се усвои Записникот од 32-ра седница на ИО одржана на 28.06.2022година и од 33-та телекомуникациска седница, одржана на 05.09.2022 година;-се усвои предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за еднократна парична помош за 2022 година;-се усвои предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на пензионери поради тешка нарушена здравствена состојба на девет баратели;-се одби барањето за доделување финансиски средства за

печатење на книгата „Кој ни го корне коренот„ од авторот Мендо Димовски; -се усвои предлог-Одлука за организирање на еднодневна екскурзија во Пешкопеја Р.Албанија во втората половина на месец октомври 2022 година,според заедничката годишна Програма со збратименото здружение „Охрид и Дебрца„ од Охрид за 2022година и се донесе Одлука за учество на шаховски турнир по повод 11 Октомври; -се донесе Одлука за набавка на 2м3дрва за клубот во Долно Лисиче.
На 35-та седница:-се усвои предлог - Одлука за прифаќање на понуда за извршување на зидарски и други занатски работи за адаптација на деловен простор за клуб за огранокот „Вардар„ во ТЦ „Скопјанка„се донесе Одлука за прифаќање на понуда за адаптација и реновирање на деловен простор за клуб на огранокот „Вардар„ во ТЦ „Скопјанка„- извршување на услужно занатски работи-производи од дрво, -се донесе Одлука за набавка на рекламен материјал за 2023 година и - Одлука за доделување на еднократна парична помош на пензионери од Здружението поради тешко нарушување на здравствената состојба -се одби барањето за доделување на финансиска подршка за издавање и печатење на книгата „Генерациите кога селата умираат“ од авторот Јован Мазгански;-се донесе -Одлука за пренамена на средства во Финансовиот план за 2022 година.;- се утврди -Предлог-Програма за работа на Здружението за 2023 година;-се утврди Предлог-Финансиски план на приходи и расходи за 2023 година-се донесе -Одлука за утврдување на Финансискиот план на приходи и расходи за 2023 година. Се донесе Одлука за формирање на пописни комисии за извршување на попис за 2022 година-се донесе -Одлука за определување на благајнички максимум за 2023 година.На седницата се дискутираше за примена на Законот за заштита на личните податоци во Здружението.Членовите на ИО беа запознаеани и со Меморандумот за соработка со Здружението „Подготвеност за Европа„-се усвои -предлог-Одлуката за престанок со работа на стариот клуб во огранокот „Вардар„ на ул. Венјамин Мачуковски бб. Се донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на прослави во ограноците. Се донесе Одлука за набавка на компјутер во Стручната служба на Здружението без монитор.
На седниците на Извршниот одбор покрај неговите членови редовно се покануваше и присуствуваше претседателот на Собранието на Здружението кој даваше предлози и мислења по одредени точкки од дневниот ред. Зависно од дневниот ред се поканувaa и други членови на Здружението или лица кои поднесуваа одредени стручни објаснувања по одредени материјали на дневните редови.

**Надзорниот одбор** во 2022 година одржа една седница на 17.02.2022 година, на која членовите ја разгледаа Завршната сметка на планирани и остварени средства за период 01.01.-31.12.2021 година, за што се достави записник. Претседателот на Надзорниот одбор во 2022 година присуствуваше на две седници на Извршниот одбор, како и на две седници на Собранието, на кои даде свои наоди за-Активностите на Здружението, Завршната сметка и финансиското работење во Здружението.

**Ограноците на Здружението** во извештајниот период ослободени во поголемиот дел од годината од стегите кои беа наметнати во претходниот период од Пандемијата со ковид 19, според членот 44 став 6 од Статутот на Здружението продолжија со донесување на свои годишни програми за работа усогласени со Годишната програма на Здружението. Тие уредно ги извршуваа своите задачи и секогаш беа во консултација со Раководството и Стручната служба на Здружението. Истото, може да се констатира и за домаќините во седумтте клубови кои редовно беа отворени и работеа по 4 часа дневно. Во ограноите се обавуваа и други активности, особено околу редовното информирање на членството за сите активности на органите и телата на Здружението, потоа околу одржување на хигиената и друго, се со цел овозможување секојдневно дружење, забава и рекреирање на пензионерите, како и одржување на истите во исправна состојба. На одржаните состаноци на одборите, беа разгледувани значајни материјали по одлуките кои се донесуваа на седниците на Извршниот одбор на Здружението, посебно на оние кои ги усвојуваше Собранието на Здружението. Се остваруваа разни контакти со членството, но претежно за нивно редовно

информирање. Особено беа застапени активностите според Годишната програма за работа на Здружението, односно работата на активите на Здружението, кои своите активности ги реализираа во просториге на клубовите, активностите на своите членови во подготвување на настапи на ревии на песни музика и игри, регионални и републички спортски натпревари.Особено беше застапено ангажирањето во Здружението околу постапката за купување и оспособување за работа на новиот објект за работа на огранокот Вардар во ТЦ Скопјанка, при што дадоа голем придонес членовите на Претседателството на Здружението, Комисијата за набавки и услуги и преостанатиот еден член на Одборот на Огранокот Вардар, затоа што во текот на годината преминаа –умреа три члена заедно со претседателот на огранокот, а нивното пополнување, според одлуката на Извршниот одбор се остави да се изврши во постапка за редовни избори во почеток на 2023 година. На крајот на годината, согласно донесената одлука на Извршниот одбор во секој од ограноците беше направен попис на средствата и инвентарот и пописните листи беа доставени на Стручната служба, односно на Централната пописна комисија.

**Стручната служба на Здружението** редовно работеше секој работен ден, извршувајќи ги своите задачи предвидени со Статутот и донесените нормативни акти на органите на Здружението. Комуникацијата на Стручната служба со граѓаните-пензионери и ограноците беше секогаш присутна и навремена.

**Комисиите** како помошни тела на Извршниот одбор ги извршуваа свиоите задачи. Во Извештајот се посочени некои позначајни активности и тоа:
-**Комисијата за здравство и социјала помош** на почетокот на месец септември одржа седница и предложи на Извршниот одбор донесување одлука за доделување на парична помош по поднесените барања во текот на претходните период на годината, согласно објавениот оглас и условите утврдени во Одлуката за доделување на еднократна парична помош донесена од Извршниот Одбор на Здружението на почетокот на годината. Веднаш потоа беше одржаната седница на Извршниот Одбор, на која беше поднесен и усвоен Извештајот на Комисијата, беше донесено решение за доделување еднократна парична помош поради ниски пензиски примања на 126 баратели по 3.000,00 денари или вкупно беа исплатени 420.000,00 денари со пресметан данок и на 20 баратели поради тешко нарушено здравје и потреба од набавка на скапи лекови по 5.000,00 - вкупен износ од 111.110,00 денари со пресметан данок, или вкупно по двата критериуи се исплатени 531.110,00 денари со пресметан данок. Во текот на годината Комисијата имаше активности околу посета на болни членови. Истите беа остварувани во договор и заедно со Ограноците, односно Активот на жени пензионерки. Преку Комисијата се реализирани активности во соработка со Црвениот Крст на Р.С Македонија-Општинската организација Кисела Вода, која достави помош во храна и средства за хигиена, која од страна на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,, беше поделена по ограноците. Исто така, имаше свое учество во поделба на храна како донација од фирмата ,,Григ-Клима ,,Скопје на сите станари од Домот за стари лица Аеродром.- Во договор со Црвениот крст во Домот беше спроведена акција за мерење на притисок и шеќер во крвтта.
-Активностите на **Комисијата за културно забавен живот** во текот 2022 година беа усмерени кон подготовките за учество на 20-те ревиите на музика, песни и игри во организација и според доставените насоки на СЗПМ, при што Здружението успешно настапи во 4 регион со уште 5 ЗП на 5.05.2022 година во Крива Паланка.Се остварени активности, по пауза од 2 години со Пеачката секција и Музичката група. На овој план се работи на изготвување свечана песна за Здружението, која успешна проба ја имашеше на прославата по повод јубилеот 14 години од основање на Огранокот ,,Јане Сандански,,.Се очекува истата да биде промовирана во првата четвртина од 2023 година.Во делот на реализирање на излетите, во согласност со Одлуката за организирање на еднодневни и други излети, која секоја година се донесува од страна на Извршниот одбор на Здружението, успешно се реализирани 21 еднодневни излети според усвоените релации за оваа година од страна на Извршниот одбор. Од нив, 15 автобуси се реализирани преку изнајмување на автобуси од ,,Бисер- Пром,,ДОО-извоз-увоз-Скопед, во рамките на склучениот Договор за вршење

автобуски превоз на утврдените од Извршниот одбор релации за оваа година, а 5 автобуси се реализирани во соработка и донација од Град Скопје, со автобуси од Градски сообраќај.Исто така, се реализирани и 1 автобус и две патнички возила(комбиња).Од дадените услуги и меѓусебната соработка со превозникот сме задоволни.За секој организиран излет од страна на Ограноците редовно се ангажирани водичи кои по завршување на активноста доставуваа извештаи со списоци на патници-пензионери, во кои не се искажани некиои проблеми. Присутни се настојувањата на оганонизаторите на излетите, преку своите ограноци против разни неправилности и учество и предлагање на конструктивни решенија. На овој план треба да се обрне поголемо внимание, особено при составување на списоците и рамномерното учество на членството на овие излети.
**- Комисијата за Спорт и рекреација,** ги превзеде потребните активности кои беа претходно планирани со свој план, а во рамките на Годишната програма за работа на Здружението. Здружението учествуваше на регионалните натпревари во организација и чии домаќин беше ЗП Кисела Вода, на кои беа постигнати 4 први места. Врз основа на постигнатите резултати на региуоналните натпревари Здружението учесвуваше со свои 6 натпреварувачи и на 26-те Републички натпревари одржани во Охрид, на кои беа постигнати осредни резултати со освојување од 3-то до 7 место. Забелешката е, која е преточена и во донесениот заклучок од страна на Извршниот одбор, дека со тоа не треба да бидеме задоволни и дека со давање на некои стимулации на пријавените кандидати за настапување на спортски натпревари, поголема увежбаност на натпреварувачите би можеле да се постигнат и подобри резултати на овие спортски натпревари кои секоја година ги организира СЗПМ.
Видни се и резултатите од активностите на **Активите на Здржението** и тоа:
Забележитени активности во мандатниот период оствари **Активот на жени пензионерки**, кој својата активност ја остваруваше во огранокот Јане Сандански, иако програмски и временски беа редуцирани поради Пандемијата со Ковид 19. Активот беше особено посветен на одржување активности на планот на социјално хуманитарни активности со учество на пензионерки волонтерки. Особено треба да се одбележи посетата на пензионерите со тешко нарушена здравствена состојба на кои преку годината им беше доделена еднократна парична помош, потоа во -соработка со Црвениот крст на град Скопје-по повод Денот на солидарноста, денот на Волонтерството и друго, учество на спортски натпревари, на разни предавања, дружења помеѓу здруженија, акции на мерење на крвен притисок и друго. Присуството на поголем број пензионерки на организираните предавања, организираните еднодневни екскурзии од различни области на живеењето, акциите од хуманитарен карактер доволно зборува за вратената доверба за овој вид дружења на пензионерите во Здружението.
Во извештајната година **Клубот љубители на книгата**, кој својата активност ја остваруваше во огранокот Аеродром, можеше да работи само во редуцирана програма, при што успешно се реализира следните активности:-Се издаде третата по ред збирка на литературни трудови „Пензионерите творат 2022“, која се промовира на 27.09.2022 година. Покрај тоа, во текот на годината беа претставени и следните литературни творци Драги Аргировски, Мендо Димовски, Ристана-Рина- Николова и Македонка Чадиковска. Карактеристично за средбите на љубителите на книгата во 2022 година е дека беа масовно посетени, претставувањата беа интересни и пропратени со музички точки.
**Историската секција граѓани продолжувачи на СБ од 1941-1945 година,** која работеше во огранокот Ново Лисиче исто така, имаше намален обем на организирани предавања поради познатите причини од пандемијата со Ковид 19.Беа презентирани следните предавачи: Петранка Максимовска и Вера Бунтевска. Во двете еднодневни екскурзии организирани од Здружението беше посетено Кавадарци при што покрај другото, особено за одбележување беше посетата на спомен куќата на Страшо Пинџур, и втората во Штип, каде беше посетена школата каде работел еден дел од својот живот нашиот великан Гоце Делчев. Активностите на секциите конкретно и подетално се содржани во посебните годишни извештаи за работата на истите. Одреден дел од активностите беа одбележани со текстови во весникот Пензионер плус.Од горе наведеното меже

**да се заклучи** дека сите органи и тела на Здружението работеа според своите програми за работа, за што може да се каже следното:

- Активноститите **на Собранието на Здружението** беа првенствено на одржаните 2 (две) седници, на кои донесени најзначајните документии и акти за функционирањето на Здружението;
- Активноститите на **Извршниот одбор на Здружението** во текот на извештајната година беа насочени кон редовното остварување на програмските задачи, оваа година со исклучок на првата третина од годината, ослободени од стегите кои во претходниот период ги наметна пандемијата со Ковид-19, особено усмерени кон редовното остварување на програмските задачи и подобрување на условите за работа и живеење на членовите-пензионери. При ова**,** посебна грижа во своите активности Извршниот одбор посвети на водење и домаќинско работење, односно за рационално трошење на планираните средства, согласно ставките во Финансискиот план за 2022 година. Исто така, Извршниот одбор посвети доволно внимание за точно и благовремено информирање на членството, како и информирање на јавноста со афирмирање на своите активности.
- Активности на **Надзорниот одбор** во текот на извештајната година беа насочени особено кон примената на Статутот и Програмата за работа во делот на материјално и финансиско работење, односно во примената на Финансискиот план на приходи и расходи во тековната година и вршење надзор и контрола на материјалното и фианасиско работење на органите и телата на Здружението. При тоа, беше поднесен извештај со позитивна оценка, односно дека материјално- финансиското работење се води и остварува според прописите за финансиско работење;

**Б. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО**

Информирањето на членовите на Здружението беше навремено и целосно. Тоа се реализираше преку добивање на материјали за седници, во одборите на ограноците, делегатите во органите и објавување на огласните табли во клубовите. Информирањето пошироко се остваруваше и преку издавањето на весникот ,,Пензионер плус,,. Истиот беше достапен за сите пензионери во сите клубови на Здружението. Исто така, во овој весник се објавуваа сите активности, што се организираа во Здружението, преку напишани статии по одредени прашања, кои се во интерес за пензионерите членови на Здружението.

**В. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ**

Меѓусебната соработка на Здружението со Сојузот на здруженијата на пензионери на Републиката и на градот Скопје беше постојана и на задоволително ниво. Таа се реализираше редовно и тековно преку претставниците на Здружението во Извршниот одбор, Собранието и комисиите на СЗПМ, како и во органите и телата на СЗПГ-Скопје, со нивно присуство и учество во донесување на одлуките и меѓусебното информирање за нивната реализација.
Согласно Меморандумот за соработка на Здружението со Локалната самоуправа, кој беше склучен 2019 година се превземени одредени активности во реализација на обврските кои се однесуваат на подобрување на условите за живот на пензионерите, преку нивно вклучување во општесвениот и културниот живот. Исто така, согласно Меморандумот за соработка, претставник од Здружението, односно претседателот на Комисијата за здравство и социјална заштита на ИО на Здружението е назначен за член на Општинскиот социјален совет, формиран од Општината Ааеродром, кој учествува во работата на овај Совет и за донесените одлуки редовно го известува Извршниот одбор.Тука треба да се набележи дека во ноември оваа година се одржа конститутивна седница на Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Аеродром, на која истиот се формира и се донесе одлука за изработка на социјален план со заклучок во периодот што следи претставниците од институциите/организациите, меѓу кои и Здружението, активно да се вклучат во идентификување на социјално ранливи групи во општината, мапирање на социјалните проблеми и

расположиви социјални услуги, како и проценка на специфичните потреби за развој на идни социјални услуги во Општината, согласно нивниот капацитет и домен на работа. На овој план во просториите на Стручната служба на Здружението се одржа средба-состанок со градоначалникот на Општина „Аеродром„ на ден 10.05.2022 година, на кој се дадени насоки за продлабочување на соработката и обезбедување услови за подобрување на квалитетот на живеење на пензионерите на подрачјето на општина Аеродром, што е зацртана програмска активност и на Општината и на Здружението. Заеднички заклучок од состанокот беше дека може да се искаже задоволство од досегашната соработка но, иако Здружението нема проблеми од финансиски карактер во редовното работење сепак соработката треба да продолжи и биде насочена кон изнаоѓање можности за подобрување на просторните услови за работа, особено во некои од ограноците на Здружението и условите за живење на пензионерите во пензионерски домови.
Во овој Извештај треба да се истакне соработката со збратименото Здружение на пензионери „Охрид и Дебрца“ од Охрид. Од страна на Координативното тело, составено од претставници од двете здруженија се изработи Програма за активност во 2022 година, со богатата содржина и повеќе учесници-пензионери од двете здруженија. Во неа се зацртани 6 активности кои се остварени, освен една која се реализира делумно, а се однесува на присуство на членовите на извршните одбори на состаноци на ИО во двете насоки, организирани во места во околината на градот како познати излетнички места.
На крајот на Извештајот **може да се констатира** дека благодарение на севкупниот капацитет на ангажирани лица во Здружението, добрата организација и домаќинското работење на органите и телата, преку секогаш навременото, организирано и квалитетно дејствување и работа на Стручната служба, работата на ограноците- констатно бележи солидни резултати. Според сето понапред запишано во овој Извештај, се смета дека зацртаната Програма за работа за 2022 година е успешно реализирана.

Изготвувач,
Стручна служба на Здружението
Февруари, 2023 година Скопје

Претседател на Собрание
Тодор Тодоровски